# Институт за Одржливи Стратегии

# ИОС - ЦЕНТАР ЗА СУПЕРВЕШТАЧЕЊА

“**Institute for Sustainable Strategies – Center for Super-Expertise**“ (**ISS-CSE**).

---

## ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАДВОРЕШНИ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

**Бр. 01-ТАР/2025**

### Член 1 – Предмет

Со оваа Тарифа се утврдува висината на надоместоците за надворешни соработници (вешти лица, стручни лица, консултанти, обучувачи и други) ангажирани во одделите и центрите на Институтот.

### Член 2 – Општи одредби

(1) Надоместоците се исплаќаат во денари (МКД), во бруто износ (персоналниот данок го пресметува и плаќа Институтот согласно закон, вклучен во бруто износот).

(2) Аванс се исплаќа до 30% од проценетиот надоместок по писмено прифаќање на предметот/проектот и одобрување од УО.

(3) Целосната исплата се врши по завршување на предметот/проектот, во рок не подолг од 30 дена.

(4) Трошоците за материјални расходи (патни трошоци, дневници, материјали) се надоместуваат дополнително со приложена документација.

### Член 3 – Тарифа по видови услуги

**ВЕШТАЧЕЊЕ И СУПЕРВЕШТАЧЕЊЕ**

(1) Наградата на надворешниот соработник за извршеното вештачење или супервештачење се определува во износ до 70% од наградата за вештачење, согласно важечката Тарифа одобрена од Министерство за правда.

(2) Наградата на надворешниот соработник – вешто лице може да се зголеми преку бонуси со исполнување на одредени параметри за квалитет, до 90% од наградата за вештачење, согласно важечката Тарифа одобрена од Министерство за правда

(3) Наградата на надворешниот соработник – вешто лице може да се намали поради потреба од асистенција по сопствено барање или по одлука на Раководителот на одделот / Центарот за супервештачења, но не помалку од 30% од наградата за вештачење, согласно важечката Тарифа одобрена од Министерство за правда.

**ОБУКИ, КОНСУЛТАЦИИ**

(1) Наградата на надворешниот соработник за извршените проекти, обуки, консултации ќе биде согласно прифатената понуда и договорот помеѓу надворешниот соработник и ИОС – Центар за супервештачења.

**Член 4 – Дополнителни надоместоци**

(1) Патни трошоци: 10% од цената на 1л гориво МКД по километар (сопствен автомобил) или по фактички трошоци (јавен превоз).

(2) Дневници за службено патување во земјата и во странство, според законска регулатива.

(3) Бонус за квалитет: до 20% дополнително врз основа на оценување на работата (според Правилникот за оценување).

**Член 5 – Примена и усогласување**

(1) Тарифата се применува за сите нови ангажирања по стапувањето во сила.

(2) Управниот одбор може да ја ревидира Тарифата еднаш годишно или по потреба, земајќи ги предвид трошоците на живот и пазарните услови.

**Член 6 – Завршни одредби**

(1) Оваа Тарифа стапува во сила со денот на донесувањето и се објавува на внатрешниот портал на Институтот.

Ул. Салвадор Аљенде бр. 83/1-2, Центар, 1000 Скопје
E-mail: contact@ios-csv.com
Тел. 070/403-100, 078/228-626
Web: www.ios-csv.com

ЕМБС 7906196
ЕДБ 4080025636285
ж-ска 380-0718829001-35
Про Кредит Банка АД Скопје